**Извештај**
**за спроведена консултација со јавноста за предлог Одлука**
**за прогласување на дел од Малешевските Планини за заштитен предел**

Текстот на нацртот на Одлуката за прогласување на дел од Малешевските Планини за заштитен предел беше објавена на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и www.ener.gov.mk на 29.07.2021 година.

Известувањето за објавата на нацрт-одлуката преку Канцеларијата за комуникација со јавноста беше електронски препратена до сите засегнати страни (до медиумите за истата да ја објават, невладини организации кои работат на полето на заштита на животната средина и други).

По објавата на нацрт-одлуката, на 02.09.2021 година беше одржана online јавна расправа на ЗООМ платформата. Заради транспарентост во постапката и вклучување на локалното население се организираше следење во живо на јавната расправа во Општините Берово и Пехчево. Локалното население можеше да ја следи и учествува на јавната расправа преку видео бимови коибеа поставени во Општина Берово во дворот на детската градинка ОУДГ “23 Август”, како и во општина Пехчево во дворот на Едукативниот центар за зачувување на природата во с.Негрево. Записникот од јавната расправа е даден во Прилог 1 од овој извештај.

Доставените мислења и предлози по нацрт - одлуката, како и образложението за нивната прифатливост се дадени во табелата од Прилогот 2 на овој извештај.

Прилог 1

ИЗВЕШТАЈ
од јавна расправа по однос Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел

Во согласност со член 95 став (2) од Законот за заштита на природата ("Сл. весник на РМ" бр. 67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16,113/18 и 151/21) и Нацрт-Записникот од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија (одржана на 13.07.2021 година), Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на 02.09.2021 година одржа јавна расправа по Нацрт-Одлуката за прогласување на дел од Малешево за за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел.

Поради актуелната ситуација со пандемијата предизвикана од COVID 19, јавната расправа беше организирана online на ЗООМ платформата. Воедно заради транспарентост во постапката и вклучување на локалното население се организираше следење во живо на јавната расправа во Општините Берово и Пехчево. Локалното население можеше да ја следи и учествува на јавната расправа преку видео бимови кои беа поставени во Општина Берово во дворот на детската градинка ОУДГ "23 Август" како и во општина Пехчево во дворот на Едукативниот центар за зачувување на природата во с.Негрево.
На јавната раправа учествуваа преку 45 учесници од различни државни институции и физички лица преку online на ЗООМ платформата, како и 13 учесници во Берово и 12 учесници во Пехчево, кои следеа ре-продукција од јавната расправа во живо на горенаведените локации во Берово и Пехчево.

Согласно член 95 став (3) од Законот за заштита на природата јавната расправа се спроведува на подрачје на општина на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје. Следствено јавната расправа се спроведе во општините Берово и Пехчево.

Организатор на јавната расправа беше МЖСПП во соработка со Општина Берово, Општина Пехчево, ЈП Национални Шуми. Програма за зачувување на природата, излезна фаза - претставувана од Фармахем од Скопје како проектен тим за координација и Македонското еколошко друштво (МЕД), Скопје.

Јавната расправа ја отвори и водеше независен модератор, кој го претстави дневниот ред на јавната расправа. Тој истакна дека согласно член 95 став 4 од Законот за заштита на природата забелешките и коментарите по Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Малешево за Заштитен предел, засегнатите страни може да ги достават писмено до МЖСПП по пошта или на емаил адреса на МЖСПП, најдоцна 10 дена по одржување на јавната расправа.

Следуваше обраќање на Државната секретарка во Министерство за животна средина и просторно планирање, која ја истакна важноста за заштита на природата, особено потребата за воспоставување на заштитени подрачја и промовирање на екосистемските услуги, кои ќе озвозможат одржлив развој на регионот. Воедно беше презентиран прогресот на МЖСПП во последните две години со прогласување на дел од Осоговските Планини и дел од планината Водно за заштитени подрачја во категорија V -Заштитен предел и прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, како и тековните постапки на МЖСПП за прогласување на дел од Малешево, локалитетот Студенчишко Блато и Кањон Матка за заштитени подрачја.

Градоначалниците на Општина Берово и Пехчево го истакнаа значењето на идното заштитено подрачје Заштитен предел-Малешево за двете општини, локалното население и регион во насока на развој на туризмот и одржливото користење на природните ресурси и дадоа поддршка на постапката на МЖСПП за прогласување на Малешево за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел.

Следеше обраќање на преставникот од ЈП Национални Шуми во улога на иден управувач со Заштитен предел-Малешево, при што беше истакната подготвеноста на Јавното претпријатие интегрално да управува со природните вредности на заштитеното подрачје.

Претставник од Македонско еколошко друштво, изготвувач на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевски Планини и Влаина со предлог за формирање на Заштитен предел- Малешево (2021) одржа презентација за природните вредности, предлог-категоријата на заштита, предлог-границите и предлог-зоните на Заштитен предел-Малешево.

Претставникот од МЖСПП ја презентираше националната легислатива за заштита на природата, досегашните и следни активности на МЖСПП во постапката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје. Воедно беше презентирана содржината на Нацрт-Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел и придобивките од прогласување на заштитено подрачје.

Во рамките на јавната расправа следуваше дискусија од страна на учесниците. Од преставник на Здружението за планински спортови, туризам и млади од Берово беше поставено прашање како ќе се регулира контролата и заштитата на идното заштитеноподрачје. Преставникот од ЈП Национални Шуми истакна дека согласно Законот за заштита на природата, контролата и заштитата на заштитеното подрачје ќе се регулира со основање на чуварска служба од страна на ЈП Национални Шуми како субјект за управување со идното заштитено подрачје.

Од претставник од Универзитет Гоце Делчев беше поставено прашање зошто не е направена кост бенефит анализа на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевски Планини и Влаина за да се види што се добива, а што се губи со прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје. Претставник од МЕД потенцираше дека се проценети минералните ресурси, нивната вредност од аспект на искористување и нивната природна вредност. Проценета е вкупната биолошка и пределска разновидност на просторите каде се наоѓаат минералните суровини и за ова е дискутирано со засегнатите страни. Општините Берово и Пехчево својата визија ја темелат на одржлив економски развој, базиран на заштита на природата, развој на туризимот и развој на традиционални стопански гранки.

Од преставник на Центарот за Источно Плански Регион беше даден коментар да се изработи кост бенефит анализа и да се изработи за сите аспекти, не само за рударството.

Преставникот од МЖСПП истакна дека Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевски Планини и Влаина е изготвена согласно Правилникот за содржината на Студијата за валоризација и ревалоризација на заштитени подрачја (Службен весник на РМ бр. 26/12). Според Правилникот има одредени поглавја според кои се изготвуваат студиите за валоризација на природните вредности и притоа е опфатена и социо-економската анализа на подрачјето. Треба да се обезбеди заштита и зачувување на живеалиштата и видовите во зона на строга заштита и зона за активно управување, кои зафаќаат само околу 10.85% од заштитеното подрачје. На зоната за одржливо користење отпаѓа околу 89,16% од заштитеното подрачје, во која согласно Законот за заштита на природата се овозможува одржливо користење на природните ресурси. Изработка на кост бенефит анализа на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевски Планини и Влаина не е во согласност со националната легислатива за заштита на природата, односно Законот за заштита на природата.

Преставник од МЕД истакна дека во зоната за одржливо користење на заштитеното подрачје согласно Законот за заштита на природата се овозможува одржливо користење на природните ресурси. Активностите по зони во заштитеното подрачје ќе бидат опфатени и подетално дефинирани со Планот за управување.

Од сопственик на приватни шуми на локалитетот Мурите беше поставено прашање дали приватни парцели влегуваат во заштитеното подрачје Малешево и под кои услови ќе можат да се користат. Модераторот истакна дека предмет на јавната расправа е Нацрт-Одлука за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел и на предметното прашање може да се одговори писмено.

Преставникот од МЖСПП потенцираше дека видот на активности во заштитеното подрачје ќе бидат регулирани во согласност со зонирањето на заштитеното подрачје. Подетално активностите ќе бидат дефинирани во Планот за управување со Заштитен предел-Малешево, за кој исто така согласно Законот за заштита на природата ќе се организира јавна расправа.
Постапката за донесување на Планот за управување следува откако Владата ќе ја усвои Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категоријата V- Заштитен предел, со која ќе се определи ЈП Национални Шуми за субјект за управување со заштитеното подрачје.

Модераторот наведе дека дневниот ред е исцрпен и ја оцени за успешна оваа јавна расправа.

07.09.2021 год.

<table>
<tr><td colspan="2">Предлози и забелешки доставени по Нацрт на Одлука за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел</td></tr>
<tr><td>Предложени измени</td><td>Прифатени /Одбиени<br>(причини)</td></tr>
<tr><td colspan="2">2. Нацрт Одлука за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V - Заштитен предел</td></tr>
<tr><td colspan="2">Секретаријат за европски прашања</td></tr>
<tr><td>Нема забелешки<br><br>Укажување од претходно дадено мислење: Нормативната заштита мора да биде проследена со конкретни финансиски ресурси за спроведување на мерките за заштита на природата во секој заштитен предел.</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија</td></tr>
<tr><td>Нема забелешки<br><br>Дава позитивно мислење со укажување да се креира план за реализација во системот за следење на програмите (PPMS) и да се предвидат активности и задачи со цел да се следи реализацијата на одлуката.</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Управа за заштита на културното наследство</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | |
| **Нема забелешки**<br><br>Укажуваат само на потребата во границите на заштитениот предел, да се внимава на културното наследство што влегува во границите на пределот, односно во рамките на утврдениот режим на заштита на заштитениот предел да се почитува и режимот на заштита утврден за културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04. 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 20/19) | Согласно Законот за заштита на природата споменициите на културата во рамките на заштитените подрачја уживаат заштита соодветна на нивниот статус во согласност со закон. |
| **Управа за хидрометеоролошки работи** | |
| **Предлог дополнување:**<br><br>**Член 11**<br><br>Допрецизирање на членот 11 со две нови алинеи кои се битни од делокругот на работа на Управата.<br><br>После алинеа „-мониторинг на состојбата со природните вредности“ да се дополни со нова алинеа „-хидролошки и метеоролошки мониторинг“.<br><br>Исто така после горенаведената алинеа да се дополни со: | **Не се прифаќа**<br><br>Во нацрт-одлуката се дадени општите обврски кои управувачот треба да ги врши согласно Законот за заштита на природата, при што треба да се има предвид дека во управувањето со заштитеното подрачје мора да се почитуваат и другите законски прописи, која обврска произлегува и од самиот Закон за природата (конкретно Законот за водите). Деталните обврски на управувачот како и на другите институции кои произлегуваат од прописите за |

| | |
|---|---|
| „-да се превземат ефикасни мерки за заштита и намалување на последици од поројните поплави“.<br><br>**Образложение:**<br><br>Овие предлози произлегуваат од делокругот на работата на Управата за хидрометеоролошки работи во делот на метеоролошкиот мониторинг со воспоставување на автоматски метеоролошки станици со што ќе се добиваат континуирани мерења за ова подрачје како и воспоставување на хидролошки мониторинг на поголем број на извори кои се притока на река Брегалница.<br><br>Вториот предлог е со цел спречување на ерозијата која ја обликува планината и пред се потребата од пошумување на одредени делови за ублажување на брзината на поројни води и да се спречи појавата на свлечишта а со тоа и опасноста од поројните поплави.<br><br>Во однос на останатиот дел Управата за хидрометеоролошки работи дава позитивно мислење. | природа како и другите прописи ќе бидат вградени и дефинирани во Планот за управување со заштитеното подрачје. Од тие причини сметаме дека начинот на кој е формулирана обврската за мониторинг е доволна, додека подеталните обврски ќе бидат дадени во Планот за управување со заштитено подрачје. |
| **Агенција за катастар на недвижности** | |
| **Прелог Измена:** | **Се прифаќа** |

| | |
|---|---|
| **Член 13**<br><br>Членот 13 од Нацрт Одлуката треба да се преуреди и да гласи: „Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“, Скопје во рок од еден месец од денот на влегување во сила на оваа одлука, на својата веб страница ќе ја објави границата на Заштитениот предел Малешево, со надворешни и внатрешни граници (зони) во државен референтен систем и државна картографска проекција“.<br><br>Во однос на останатите одредби по Нацрт Одлуката немаат забелешки. | |
| **Министерство за локална самоуправа** | |
| **Нема забелешки**<br><br>Дава позитивно мислење | / |
| **Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО)** | |
| **Нема забелешки**<br><br>Дава позитивно мислење<br><br>**Инфо:** АД МЕПСО има во сопственост постоечка линиска инфраструктура од 110 KV напонско ниво која се простира на отприлика 1 km оддалеченост од посочениот опфат, ДВ бр.184 ТС Берово – | / |

| | |
|---|---|
| ТС Делчево. Доколку имате потреба за вцртување на точната локација на постоечката линиска инфраструктура во сопственост на АД МЕПСО потребно е да ни доставите ажурирана геодетска подлога во dwg. – формат. | |
| **Министерство за одбрана** | |
| **Нема забелешки** | / |
| **Природно математички факултет** | |
| **Нема забелешки** | / |
| **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје** | |
| **Нема забелешки** | / |
| **Македонска академија на науките и уметностите** | |
| **Нема забелешки** | / |
| **ЈП „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ“** | |
| **Забелешка:** ЈП „Национални шуми“ предложени како иден управувач на ЗП „Малешево“, во врска со Нацрт-Одлуката за прогласување на дел од Малешево за заштитено подрачје во категорија V – заштитен предел, предлага измена во делот VI од Нацрт одлуката, Преодни и завршни одредби во член 14 став 1 наместо: | **Се прифаќа.**<br>Рокот во член 14 став (1) е коригиран. |

<table>
<tr><td>„Планот за управување со заштитен предел – Малешево се донесува во рок од една година од влегувањето во сила на оваа Одлука“.<br><br>Да стои<br><br>„ Планот за управување со заштитен предел – Малешево се донесува во рок од две години од влегувањето во сила на оваа Одлука“<br><br>Измените ги предлагаат согласно чл. 99 ст. 1 од Законот за заштита на природата каде јасно е предвидено дека Плановите за управување со Заштитените подрачја се донесуваат најдоцна во рок од две години од денот на прогласувањето на заштитеното подрачје.</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП<br><br>Факултет за природни и технички науки</td></tr>
<tr><td>Забелешки/Коментари:<br><br>1. Во услови кога е истечен просторен план на нашата држава, се поставува прашањето како е приоритезирана потребата за прогласување на ново заштитено подрачје во Малешево имајќи го во предвид дека новиот просторен план кој е во</td><td>Образложение:<br><br>МЖСПП како креатор на политиките за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата има обврска да изврши ревалоризација на заштитените подрачја, заштитени пред денот на отпочнувањето на примената на овој закон (2005) и да изготви нови акти за прогласување во</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| очекување да биде изработен треба да даде точни насоки за државата каде треба да се прогласуваат нови заштитени подрачја.<br>2. МЖСПП е главен креатор на политиките за заштита на природата меѓу кои креира и политики и потреби за заштитени подрачја, Досега МЖСПП нема јавно објавена листа на приоритетни локалитети за заштита, па оттука можеме да заклучиме дека други субјекти во нашата држава ја креираат политиката за заштитени подрачја меѓу кои општини и невладини организации кои имаат за цел во најголем дел да ги понудат своите услуги, наместо тоа да го прави државна институција како на пример Државен завод за природа.<br>3. До сега не е направена кост-бенефит анализа за прогласување на подрачјето ниту пак социо-економска анализа ниту е јавно презентирана.<br>4. Во поширокото подрачје на Ченгино Кале и Кадиица се истакнуваат неколку позначајни локалитети од аспект на гео-диверзитетот. Тоа се: 1. Локалитет „Ченгино Кале“ (со двете езерца и извориштето на Брегалница), 2. Клисура на Брегалница спротиводно од месноста Абланица со Пехчевските водопади, 3. Локалитет „Палеовулканската купа Буковик“ 4. Локалитет „Кадиица“, 5. Локалитет „Меловите“ помеѓу Црник и Паркач (не се посебно опишани заради нивната | согласност со одредбите на законот.<br><br>Потребата за прогласување на заштитени подрачја е дефинирана во Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) и Националната стратегија за биолошка разновидност за период (2018-2023), додека начинот на кој се врши истото е уреден со законските прописи.<br><br>Прогласувањето на одредено заштитено подрачје е долг и сложен процес. Согласно со Законот за заштита на природата и Правилникот за содржина на Студијата за валоризација/ревалоризација на заштитено подрачје (Службен весник на РМ, бр. 26/2012) најпрво се изготвува Студија за валоризација/ревалоризација на природните вредности за подрачјето кое се прогласува за заштитено подрачје. Според Правилникот има одредени поглавја според кои се изготвуваат студиите за валоризација на природните вредности и притоа е опфатена и социо-економската анализа на подрачјето. Целокупната анализа и документација е спроведена и за ова подрачје, а таа е јавно достапна.<br><br>Во Студијата се проценети минералните ресурси, нивната вредност од аспект на искористување и нивната природна вредност. Проценета е вкупната биолошка и пределна разновидност на просторите каде се наоѓаат минералните суровини |

| | |
|---|---|
| оддалеченост од предлог подрачјето за заштита) навистина изразуваме голема загриженост зошто на големо подрачје со богат гео диверзитет имате вклучено и обработено од само 1 експерт, земајќи го фактот дека УГД – Факултет за природни и технички науки има цели студиски програми за изучување на геологија, рударство како и квалификуван кадар кој долго време научно го проучувал подрачјето на Малешевски планини.<br>5. Подрачјето на Малешевски планини и Влаина е богато со одредени рудни и минерални наоѓалишта. На планината Влаина, од Буковиќ до врвот Кадиица и изворишниот дел на Пехчевска река, досега се утврдени повеќе појави на рудна минерализација: бакар, железо, олово, цинк, злато и др. Рудните појави на овој простор се истражени од порано и особено се истакнува бакарната минерализација. Според досегашните истражувања, најголем економски потенцијал има бакарот чии рудни резерви се проценети на околу 70 милиони тони, а просечната концентрација на бакарот околу 0,2 %. Со прогласувањето на Малешево се блокира користење на овој значаен минерален ресурс за државата кој со користење на ЕУ нова технологија може да отвори нови работни места, и што ќе им биде мотив/приход понатаму да живеат луѓето во овие две општини. За таа цел препорачуваме да се | и за ова е дискутирано со засегнатите страни. Општините Берово и Пехчево својата визија ја темелат на одржлив економски развој, базиран на заштита на природата, развој на туризимот и развој на традиционални стопански гранки.<br><br>Со цел заштита на целовитоста на подрачјето и интегрирано управување со истото согласно подготвената студија истото е предложено за прогласување во сегашните граници. Министерството согласно подготвената студија пристапи кон прогласување на истото за заштитено подрачје. Парцијалното прогласување на подрачјето за заштитено нема да доведе до посакуваната цел односно заштита на вредностите на подрачјето.<br><br>Потребно е да се обезбеди заштита и зачувување на живеалиштата и видовите во зона на строга заштита и зона за активно управување, кои зафаќаат само околу 10.85% од заштитеното подрачје. На зоната за одржливо користење отпаѓа околу 89,16% од заштитеното подрачје, во која согласно Законот за заштита на природата се овозможува одржливо користење на природните ресурси.<br><br>Изработка на кост бенефит анализа на Студијата за валоризација на природните вредности на Малешевски Планини и Влаина не е во согласност со националната легислатива за заштита на природата, односно Законот за заштита на природата. Проценката на |

| | |
|---|---|
| преиспитаат надворешните граници на подрачјето како да се земат во предвид мислењето од Министерство за економија и Геолошки Завод.<br>6. Доколку има значаен биодиверзитет на подрачјето на Малешевските планини и Влаина препорачуваме истите да бидат земени во предвид да се заштитат како мали енклави а не да се предлага толку големо подрачје бидејќи како во досегашната пракса државата не ги финансира заштитените подрачја и многу брзо може да се случи истото да нема соодветна заштита.<br>**Мислење:**<br><br>Со оглед на сето горе наведено нашето мислење е дека за потребата за прогласување на Малешево за заштитено подрачје во категорија заштитен предел потребно е да се направат дополнителни анализи и кост бенефит проценки како и анализа на границите на подрачјето како би можеле со сигурност да се констатираат сите придобивки од прогласување на подрачјето за заштитено подрачје. | природните вредности на подрачјето и подготовката на овој предлог се спроведува на ист начин за ова подрачје како и за сите други заштитени подрачја во државата, и тоа покрај што е законски утврдена процедура, е и воспоставена пракса која досега ги дала потребните податоци и анализи за соодветна регулација. |
| **ЈП за стопанисување со пасишта** | |
| Имајќи во предвид дека се работи за сериозна тема во која сме и ние директно или индиректно поврзани, сметаме дека треба да дадеме посериозен пристап кон истото, со подлабока анализа на состојбите | МСЖПП во изминатите три години имаше состаноци со ЈП за стопанисување со пасишта во насока на усогласување на новиот Закон за пасишта со Законот за заштита на природата. Доколку од страна на ЈП за стопанисување со пасишта бидат |

| | |
|---|---|
| моментални и состојбите кои би се создале со наведените активности.<br><br>Од тие причини сметаме дека е потребно да направиме еден контакт-состанок во каков сакате облик(он лајн или директно) со претставници од двете страни , како би ни се презентирале одредени работи поврзани со наведените активности кои планирате да се изведуваат.Како пример-Ова посебно и конкретно во делот на строго заштитено подрачје на заштитениот предел, каде како што ни беше пренесено , се забранува поставување на објекти-трла и бачила-тема за дискусија при евентуален состанок. | прифатени забелешките од МЖСПП по новиот Закон за пасишта сметаме дека нема да има сериозни предизвици околу управувањето на пасиштата во заштитени подрачја вклучувајќи го и Малешево. Во секој случај традиционалното сточарење е дозволено во строго заштитените зони и во рамките на подготовката на планот за управување ќе бидат организирани дополнителни состаноци со сите засегнати страни, како и за надминување на сите поврзани прашања. |
| Допис од Сите вработени шумарски ижињери и техничари во ПШС "Равна Река" Пехчево при ЈП "Национални шуми " | |
| Сметаме дека не се усогласени подзаконските акти во МЖСПП во делот на изготвување на планот за идното одрживо менаџирање на потенцијалното заштитено подрачје и тоа претставува сериозно голем проблем.<br><br>употребувањето на природата како единствена одгледна мерка а не и мерките кои се реално потребни за правилно одрживо менаџирање на овие шуми и шумски екосистеми (употребувани до денес на терен и благодарение на сето тоа го имаме овој денешен резултат) што го сметаме како доста ограничувачки елемент што неминовно директно ќе предизвика негативни ефекти, прво во развојот на | Согласно членот 1 став 4 од Законот за заштита на природата пропишано е дека "Врз заштитата на природата се применуваат и одредбите од другите закони кои се однесуваат на заштитата на природата".<br>Содржината на плановите за управување со заштитени подрачја е пропишана со член 98 од Законот за заштита на природата и подзаконскиот акт - Правилник за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 26/12).<br>Согласно Законот за заштита на природата, План за управување со заштитено подрачје подготвува субјектот за управување со |

| | |
|---|---|
| самата шума како екосистем а потоа и директни последици во економскиот развој на населението и општината каде нотираме дека 90% од економските процеси на и за населението се директно се поврзани со шумите. | заштитеното подрачје, во конкретниот случај тоа ќе биде ЈП Нацонални шуми. Согласно Законот за заштита на природата субјектите задолжени за управување со заштитеното подрачје, управуваат интегрално со целото заштитено подрачје.<br>Прашањата поврзани со шумите, ќе бидат опфатени во акции од програмите на Планот за управување. |
| Прашање од јавна расправа Малешево поставено од страна на Верица Соколовска, сопственик на приватна шума во месноста Мурите, | |
| Верица Соколовска, сопственик на приватна шума во месноста Мурите, КПбр. 8601/16 и 8598/2 (праша во која зона се парцелите и дали и под кои услови ќе им се дозволи користење на шумата), | По направениот преклоп со зоните на ЗП Малешево, може да се види дека наведените парцели на Верица Соколовска се наоѓаат во зона за активно управување.<br><br>Условите за користење на шумата како и прашањата поврзани со управување со шумите на цела територија на идното ЗП Малешево, ќе бидат опфатени во Планот за управување кој ќе биде ирзработен од идниот управувач на транспаретен начин со вклучување на сите засегнати страни. |